РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# ПРОГРАМА ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА ПРИ РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Скопје, февруари 2014

## СОДРЖИНА


**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 3**

**ВОВЕД 4**

**ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ 5**

**1. ОПРАВДАНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА 6**

**1.1. Основи за подготовка на Програмата 7**

**1.2. Потреба од Програмата, цели и корисници 9**

**1.3 Институционална рамка потребна за имплементација на Програмата 10**

**2. ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ НА ЖРТВАТА И ПЛАНИРАЊЕ НА РЕИНТЕГРАЦИЈА 12**

**3. КОМПОНЕНТИ НА ПРОГРАМАТА 14**

**3.1. Транспорт и безбедно сместување/домување 14**
*3.1.1. Законска и институционална рамка* 14
*3.1.2. Обезбедување на права од областа на домување* 17

**3.2. Здравствена заштита 19**
*3.2.1. Законска и институционална рамка* 19
*3.2.2. Обезбедување пристап до здравствени услуги* 20

**3.3. Правна помош 22**
*3.3.1 Законска и институционална рамка* 22
*3.3.2. Обезбедување на пристап до правна помош* 23

**3.4 Социјална заштита 25**
*3.4.1 Законска и институционална рамка* 25
*3.4.2 Остварување на права и услуги од областа на социјалната заштита* 26

**3.4. Образование 28**
*3.4.1. Законска и институционална рамка* 29
*3.4.2. Обезбедување на пристап до образовни услуги* 30

**3.5. Вработување 31**
*3.5.1. Законска и институционална рамка* 32
*3.5.2. Обезбедување на услуги за економска независност/вработување* 33

**4. ЕВАЛУАЦИЈА 34**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 36**

**ПРИЛОЗИ** 38

**Прилог 1: Формулар за проценка на потребите на жртвата (СОП)** 38

**Прилог 2: Индивидуален план за услуги на жртва** 39

**Прилог 3: Чек листа на можни услуги на жртва на трговија со луѓе** 43

**Прилог 4: Изјава за сместување и користење на услуги во ЦЖГ** 44

**Прилог 5: Формулар за евалуација на престојот во ЦЖТ** 45

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АВРМ | Агенција за вработување на Република Македонија |
| ЦСР | Центар за социјална работа |
| ЦЖТ | Центар за жртви на трговија |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕЛС | Единица за локална самоуправа |
| ГИЗ | Германско друштво за интернационална соработка |
| ИОМ | Меѓународна организација за миграции |
| ИПА | Инструментот за претпристапна помош |
| ИСЦЕД | Меѓународна стандардна класификација на образованието |
| ИТ | Информациски технологии |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| ЈЗУ | Јавна здравствена установа |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МП | Министерство за правда |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НМУ | Национален механизам за упатување |
| НАП | Национален акциски план |
| ОН | Обединети нации |
| РМ | Република Македонија |
| СТЛКМ | Сектор за трговија со луѓе и криумчарење мигранти |
| СОП | Стандардни оперативни процедури |
| СГРМ | Сектор за гранични работи и миграција |
| ТМУ | Транснационалниот механизам за упатување |
| ЗОО | Закон за облигациони односи |
| ЗКП | Закон за кривична постапка |
| ЖТЛ | Жртва на трговија со луѓе |

## ВОВЕД

Потребата од изработка на Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на жртви на трговија со луѓе произлегува од меѓународните и националните стратешки документи со кои ќе се заокружи рамка за ефикасна реинтеграција на жртви на трговија со луѓе.

Република Македонија во изминатиот период има направено значајни напори во зајакнување на мерките во борбата против трговија со луѓе, сепак трендот на трговијата продолжува со извесно зголемување во однос на претходните години. Токму затоа потребно е континуирано градење на системот за заштита и унапредување на активностите за борба против трговијата со луѓе, и систематизирање на процесот на реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе.

Реинтеграцијата подразбира процес на ресоцијализација на жртвата заради нејзино повторно вклучување во семејството или заедницата, или вклучување во нова заедница[1].

„Протоколот за Обединети Нации за превенција на трговија со луѓе, особено жени и деца[2]" потврдува дека ефектите на трговијата со луѓе се мултидимензионални (т.е. физички, психолошки и социјални) поради што се предлага мултидисциплинарен пристап за опоравување на жртвите на трговија со луѓе со утврдени стандарди.

Процесот на реинтеграција вклучува услуги во области на: транспорт и безбедно сместување-домување, здравствена заштита, правна помош, социјална заштита, образование и економска поддршка/вработување.

Сите услуги и помошта за реинтеграција треба да се достапни за жртвата и да се одвиваат на информирана и доброволна основа.

---

[1] СОП, Ревидирана верзија, 2010.

[2] Протокол за заштита, спречување и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца, дополнение на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал; Документ бр.55/383 Генерално собрание на ОН, Педесет и петта седница, Заштита од криминал и правда, 2 ноември 2000.

Периодот на реинтеграција е долготраен и мулти аспектен процес кој претставува повторно соединување на жртви со семејството, заедницата или нивна интеграција во нова заедница. Процесот на реинтеграција е завршен кога лицето жртва на трговија со луѓе ќе стане повторно активен член на економскиот, културниот, граѓанскиот и политичкиот живот во земјата[3].

Услугите ги даваат вклучените партнерски организации кои работат со жртвите на трговијата со луѓе.

Програмата е дизајнирана како референтен материјал за практична примена од страна на стручен тим од ЦСР и другите партнерски институции/организации вклучени во процесот на реинтеграција.

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

За соодветно постапување на задолжените лица/професионалци со жртвите на трговија со луѓе потребно е да ги почитуваат следните принципи:

**Доверливост/право на приватност**

Сите информации треба да се чуваат доверливо и до информациите да имаат пристап одговорното/задолжените лица. Истите не смеат да се откриваат без писмена согласност на жртвата[4].

**Недискриминација**

Субјектите вклучени во процесот на имплементација на Програмата во контакт со жртва на трговија со луѓе треба да постапуваат во согласност со начелото на недискриминација по основ на пол, возраст, социјален статус, раса, религија, политичко убедување итн.

**Сензитивност за културни разлики**

Задолжените лица за имплементација на Програмата потребно е да имаат вештини и способности во оваа област, да станат сензитивни на културните

[3]Прирачник на ИОМ за директна помош на ЖТЛ, 2007.

[4]И во согласност со Законот за заштита на лични податоци „Службен весник на РМ" бр 7/2005, 103/2008 бр.124/2010 и 135/2011 ( Пречистен текст ) 2012 .

разлики и способни да ги премостат културните разлики во комуникацијата со жртвите на трговија со луѓе.

**Партиципативност**

Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на жртви на трговија со луѓе ќе се спроведува преку активно учество на сите засегнати страни вклучително и жртвата.

**Мултидисциплинарност**

Мултидисциплинарната имплементација со комбинирање на знаења и стручност обезбедува учеснички пристап на различни дисциплини, при здружување на институции и организации од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор со цел справување со комплексните и мултидимензионалните проблеми на жртвите на трговија со луѓе.

# 1. ОПРАВДАНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА

Иако постојат повеќе позитивни случувања во насока на обезбедување највисок можен стандард за физичка и психо-социјална поддршка на жртвите на трговија со луѓе, Програмата за реинтеграција ќе претставува значителен напредок за сите жртви, особено оние кои се дел од најмаргинализираните и ранливи групи.

Трендот на трговија со луѓе е со осцилации и покрај исполнети повеќе услови за успешна борба против трговија со луѓе, поради што Република Македонија е рангирана во ТИЕР 1 група на земји[5].

Табела 1: **Статистички показатели за број на жртви за период 2009-2013 година**

[5]Според извештаите за 2009, 2011, 2012 и 2013 година подготвени од Стејт Департментот на Соединетите Американски Држави, на Република Македонија е овозможен влез во ТИЕР 1 група на земји кои целосно ги исполнуваат минималните критериуми во согласност со Актот за превенција на жртви на трговија со луѓе.

| | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | | 2013 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | малолетни | полнолетни | малолетни | полнолетни | малолетни | полнолетни | малолетни | полнолетни | малолетни | полнолетни |
| Домашни | 6 | 1 | 12 | / | 6 | 4 | 4 | / | 8 | 1 |
| Странски | 1 | / | / | / | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 5 |
| Вкупно | 7 | 1 | 12 | / | 6 | 5 | 5 | 3 | 9 | 6 |
| Вкупно жртви | 8 | | 12 | | 11 | | 8 | | 15 | |

**Извор**: Извештај на Националниот известувач за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2013 година.

Програмата има за цел да овозможи пошироко разбирање за употребата на правните инструменти во процесот на реинтеграција, давајќи систематски преглед на законска и институционална рамка како и обезбедување на пристап до правата на жртвите на трговија со луѓе.

Програмата е водич на партнерски организации кои даваат услуги на жртви на трговија со луѓе во процесот на реинтеграција и има за цел да овозможи планирање на задоволување на индивидуалните потреби на жртвите на трговија со луѓе во согласност со расположивите ресурси.

Програмата ќе ја пополни празнината која се чувствуваше кај практичарите долго време и ќе се користи како помошна алатка/водич при реинтеграции на жртви на трговија со луѓе. Таа ќе понуди поефективна заштита од трговија со луѓе, стандардизирани и ефективни процедури за успешна реинтеграција на жртви на локално ниво.

## 1.1. Основи за подготовка на Програмата

Основа за подготовка на Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе се меѓународни и национални документи:

**Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе**[6] во Членот 12, упатува на помош на жртвите на нивна физичка, психолошка и социјална реинтеграција.

**Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот** организиран **криминал**[7] во Членот 25 дефинира давање помош и заштита на жртвите и обезбедување достапност до компензација.

**Целите на Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговија со лица особено жени и деца,** со кој се дополнува Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал, има за цел заштита и помагање на жртвите со целосно почитување на човековите права. Членот 6 од Протоколот истакнува потреба од **помагање и заштита на жртви на трговија со луѓе** во насока на заштита на приватноста и идентитетот, споделување на информации, сместување, медицинска, психолошка и материјална помош, образование и можност за вработување.

**Директивата 2011/36/ЕУ** на Европскиот Парламент и Советот, дефинира помош и поддршка за жртвите на трговијата во тек на целиот процес на поддршка (Член 11)[8].

Една од стратешките ориентации кои се однесуваат на превенција, заштита и рехабилитација се содржани во **Националната стратегија и Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција на Република Македонија 2013-16 година.** Во областа, Директната помош и заштита на жртвите и мигрантите, под точка 3.2 наведена е потребата од изготвување на унифицирана програма за помош, поддршка и реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе.

**Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе**[9] уредуваат постапки, процедури и начини на обезбедување на помош и заштита на сите жртви на трговија со луѓе. Во СОП се

[6]Конвенцијата на Советот на Европа за борба против трговија со луѓе „Службен весник на РМ" бр. 49 /2009 Чл.12-13.

[7]http://www.unodc.org/pdf/crime/a_res_55/res5525e.pdf.

[8]Директивата 2011/36/ЕУ на Европскиот Парламент и Советот од 5 април 2011 година за спречување и борба со трговијата со луѓе и за заштита на жртвите на трговијата со луѓе и за замена на Рамковната одлука 2002/629/ПВР на Советот.

[9]СОП ревидиран документ усвоен од Владата на Република Македонија во 2010. СОП за постапување со жртви на трговија со луѓе уредува постапки, процедури и начини на обезбедување на помош и заштита на сите жртви на трговија со луѓе преку еден сеопфатен приод заснован врз човекови права и насочен кон жртвата во форма на институционализирани рамки за соработка.

дефинирани мерки за помош и реинтеграција за домашни жртви и странски државјани доколку им е дадена дозвола за привремен престој поради посебните физички, психички и социјални последици кои ги доживуваат.

При изработка на Програмата користено е и национално законодавство во областите на: домување, здравствена заштита, правна помош, социјална заштита, образование и вработување.

## 1.2. Потреба од Програмата, цели и корисници

Во согласност со меѓународните и донесените стратешки документи, во Република Македонија, а во врска со реинтеграција на жртви на трговија со луѓе се забележува потреба од изготвување на **Програма за помош и поддршка при реинтеграција на жртви** која ќе претставува рамка за изготвување на индивидуални планови за реинтеграција на жртви во согласност со нивните потреби, можности и интереси. Со успешна реинтеграција ќе имаат полза не само жртвите, туку и општеството во целина.

Во основа, треба да се земе во предвид фактот дека за голем дел од жртвите, процесот на реинтеграција предизвикува и значителни социо-економски промени. Овој процес е особено проблематичен за оние жртви на трговија со луѓе кои оствариле престој во странска држава/регион за време на кој период ги загубиле сите врски. Без соодветно прифаќање и професионална помош во справување со психо-социјалниот стрес и реадаптирање кон старо-новата животна средина, поголемиот дел од жртвите се изложени на ризик од сиромаштија, маргинализација и социјална исклученост.

Проблемот на реинтеграција на жртви на трговија со луѓе станува уште поалармантен и поголем предизвик ако се земе предвид сеуште слабата економска моќ на државата и високите стапки на невработеност.

Програмата и нејзината практична имплементација ќе помогне во зголемување на квалитетот на заштитата што ќе ја добиваат жртвите на трговија со луѓе.

Програмата за помош и поддршка на жртвите при реинтеграција има повеќе **цели**:

• Да прикаже видливост на институционална и системска рамка на поддршка и помош од страна на релевантните партнерски институции/организации, во земјата на национално и локално ниво;

- Да ја поддржи имплементацијата на СОП, Националната стратегија и НАП;
- Да воспостави неопходни технички човечки и институционални капацитети на национално и локално ниво за реинтеграција на жртви на трговија со луѓе;
- Да послужи како основа за доставување информации до жртви на трговија со луѓе за можностите кои ги нуди оваа Програма;
- Да го овозможи и забрза пристапот на жртвите на трговија со луѓе до постоечките права во системот на заштита;
- Да ја олесни одржливата реинтеграција на жртви и на тој начин да се превенираат рецидивите во однос на тргувањето на жртвите.

**Целна група на Програмата** се жртви на трговија со луѓе, државјани на Република Македонија и странски жртви кои добиле дозвола за привремен престој вклучени во процесот на реинтеграција.

## 1.3 Институционална рамка потребна за имплементација на Програмата

За имплементација на Програмата, воспоставена е институционална интердисциплинарна рамка која ја сочинуваат партнерски организации:

- **Канцеларија на Националниот механизам за упатување** на жртви на трговијата со луѓе (НМУ) која функционира во рамки на **МТСП** е со надлежности кои се однесуваат на превенцијата и заштитата на жртвите на трговијата со луѓе.

- **Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа** (ЗО) е установа за социјална заштита со јавно овластување за вршење дејности од областа на социјална заштита. Стручните тимови се вклучени во процесот на помош и поддршка на жртвите на трговија со луѓе од идентификација се до реинтеграција во социјалната средина.

- **Министерството за внатрешни работи - Секторот за трговија со луѓе и илегална миграција** (СТЛИМ) спроведува реактивни и

проактивни истраги, презема мерки за спречување и откривање на кривични дела, обезбедува докази, утврдува идентитет на жртви и се грижи за нивната безбедност. Врши идентификација на жртви на трговија со луѓе, обезбедува нивна сигурност, транспорт, сместување и безбедносна проценка во тек на целиот процес на реинтеграција.

- **Министерство за здравство** е насочено кон одржлив, ефикасен и достапен систем за обезбедување на здравствената заштита, квалитетни здравствени услуги и здравствена грижа за жртвата.

- **Министерство за образование и наука** има за цел да обезбеди услови за висококвалитетно образование кое ќе го потпомогне процесот на реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе.

- **Министерство за правда** обезбедува услови за остварување на основната функција на правосудниот систем, а со цел создавање на ефикасен систем за остварување на човековите права и слободи и нивна заштита.

- **Министерство за локална самоуправа** се залага за децентрализација на централната власт што е од интерес на граѓаните кои со децентрализирана администрација полесно ќе ги остварат своите барања со финансиска стабилност на општините. **Локалната самоуправа** има надлежност во економски равој, образование, социјална и детска заштита.

- **Агенција за вработување - Центри за враборување** се јавни установи во кои се остваруваат права на невработените лица по основа на невработеност, вработување, осигурување во случај на невработеност, давање услуги за работодавачите и многу други прашања од значење за вработувањето.

- **Здруженијата на граѓани** спроведуваат превентивни активности, едукации и подигање на јавната свест кај граѓаните, но активно се вклучени и во давање на директна помош на жртвите на трговија со луѓе во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и во локалната заедница во процесот на реинтеграција на жртвите.

Стручни профили неопходни за соодветна реинтеграција на жртви се: правник, социјален работник, психолог, педагог, дефектолог, лекар, психијатар и други лица во зависност од потребите на жртвата.

## 2. ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ НА ЖРТВАТА И ПЛАНИРАЊЕ НА РЕИНТЕГРАЦИЈА

Проценка на жртвата и нејзините потреби се основа за изготвување на индивидуален план за реинтеграција на жртвата. Се вршат два вида на проценка за секоја жртва и тоа:

**Индивидуалната проценка** која се фокусира на фактори директно поврзани со жртвата, оценувањето на индивидуалните потреби, земајќи ги во предвид физичките и менталните состојби на жртвата и **ситуационата проценка** која се фокусира на одделни ситуации од опкружувањето на жртвата, како на пример некоја специфична социо-економска ситуација на семејството на жртвата и на реинтеграциската инфраструктура во земјата[10].

Доколку жртвата е **странски државјанин**, сместена во Прифатен центар за странци во периодот на одлучување проценката се врши со учество на:

- Жртвата;
- Одговорно лице за жртвата (Полициски службеник од СТЛКМ и од СГРМ на МВР, од Прифатниот центар за странци и Здруженија на граѓани).

**Проценката** се спроведува за **домашна жртва** со учество на:

- Жртвата;
- Одговорно лице за жртвата, (ЦСР/НМУ при МТСП и претставник од Здруженија на граѓани во ЦЖТ).

При **планирање на услуги и мерки** се тргнува од извршената проценка на потребите на жртвата и посакуваните услуги и мерки кои треба да се преземат за реинтеграција на жртвата, а притоа земајќи ги во предвид потребите и силните страни на жртвата и нејзиното семејство.

Кога се работи за жртви странски државјани, предлог индивидуален план за реинтеграција се изготвува во периодот на одлучување во Прифатен

[10] **Прилог 1**: Формулар за проценка на потребите, стр. 33 СОП, 2010.

центар за странци и се доставува до земјата на потекло. Доколку на жртвата и е дадена дозвола за привремен престој, реинтеграциониот процес продолжува во ЦЖТ каде ја презема грижата одговорното лице за жртва од Центарот за лица жртви на трговија со луѓе.

Враќањето се остварува во согласност со Транснационалниот механизам за упатување, при што се доставува и предлог индивидуален план за реинтеграција.

За систематско и планско надминување на проблемите на жртвите од трговија со луѓе се изготвува **Индивидуалниот план за реинтеграција**[11] на жртвата во кој се определуваат целите, мерките и активностите што се преземаат за помош на жртвата и членовите на нејзиното семејство, носителите на мерките и времето за нивно спроведување. Индивидуален план за реинтеграција на жртви на трговија со луѓе[12] се изготвува од страна на стручниот тим од Центарот за социјална работа /одговорно лице од ЦЖТ/Прифатниот центар за странци.

Процесот на реинтеграција  за жртви **странски државјани** започнува во РМ и ја врши одговорното лице за жртвата, а добиените информации ги споделува со земјата на потекло, каде реинтеграцијата треба да продолжи. До земјата на потекло се доставува план за реинтеграција најдоцна 8 дена пред враќањето на жртвата во матичната земја.

**За домашни жртви кои не биле сместени во ЦЖТ** – индивидуалниот план за реинтеграција се изработува веднаш по проценка на потребите од страна на стручниот тим на надлежниот ЦСР во согласност со потребите на жртвата и расположивите ресурси[13].

Препораките/насоките за реинтеграција се подготвуваат пред домашната жртва која е сместена во ЦЖТ да се врати во местото на живеење и треба да се дадат на располагање на надлежниот ЦСР, веднаш откако ќе се врати со севкупната документација. За жртви сместени во ЦЖТ, индивидуалниот план за реинтеграција се изготвува 8 дена пред нивното заминување.

[11]**Прилог 2**: Индивидуален план за услуги и поддршка на жртви, во согласност со Законот за социјална заштита „Службен весник на РМ"  бр. 79/2009  (Пречистен текст) бр.148/2013) Член 183.
[12]Законот за социјална заштита „Службен весник на РМ" бр. 79/2009 (Пречистен текст ),148/2013, Член 183.
[13]**Прилог 3:** Чек листа на можни услуги на ЖТЛ.

Доколку жртвата не сака да биде вклучена во програмата за реинтеграција, ќе и бидат понудени информации за одредени институции и организации на кои може да им се обрати дополнително[14].

Времетраењето на индивидуален план за реинтеграција е до 1 година со активности усогласени со Програмата со можност за продолжување зависно од потребите на жртвата на трговија со луѓе.

## 3. КОМПОНЕНТИ НА ПРОГРАМАТА

### 3.1. Транспорт и безбедно сместување/домување

Безбедниот транспорт и сместувањето на жртвите на трговија со луѓе, независно дали се странски или домашни државјани е првиот предуслов во давањето на помош на жртвите во согласност со Стандардните оперативни процедури за постапување со жртвите на трговија со луѓе.

#### *3.1.1. Законска и институционална рамка*

Во согласност со **Законот за странците** регулирана е постапка за добивање на дозвола за привремен престој/период на одлучување**[15]** на лица сместени во Прифатниот центар за странци. Дозволата се издава во период од 6 месеци, со можност за продолжување за уште 6 месеци[16].

Функционирање на Центар за лица жртви на трговија со луѓе (ЦЖТ) како воинституционална форма на заштита регулирано во **Законот за социјална заштита**[17] како составна единица на Меѓуопштиниският центар за социјална работа - Скопје во надлежност на Министерството за труд и социјална политика (МТСП).

Во **Законот за домување**[18] во Член 99 се уредува прашањето на домување на лица во социјален ризик и други ранливи групи**[19]** кои не се станбено

[14]Ревидирана верзија на СОП усвоена од Влада на РМ, 2010.
[15]Законот за странците „Службен весник на РМ“ бр. 35/2006, 60/2007, 117/2008, 92/2009, 156/2010, 158/2011, Член 81.
[16]Дозвола за Привремен престој на странци издава Одделението за странци и реадмисија при МВР-Сектор за гранични работи и миграции.
[17]Закон за социјална заштита „Службен весник на РМ” бр.79/2009, Член 132.
[18]Закон за изменување и дополнување на Законот за домување „Службен весник на Република Македонија” 99/2009 и 57/2010 и 54/2011.

обезбедени, а со став (7) на овој Член се утврдува изградба на станови за лица во социјален ризик и други ранливи групи.

Во Членот 30 од Законот за домување се истакнува дека од вкупните финансиски средства за изградба и одржување на станбените згради и станови најмалку 25% се наменуваат за социјално загрозени лица станбено необезбедени во согласност со Законот за социјалната заштита. Членот 98 од истиот Закон се однесува на субвенционирање на закупнина за престој наменет за привремено решавање на станбени потреби за лица во социјален ризик.

За транспортот, упатување и безбедно сместување на жртви на трговија со луѓе воспоставена е **институционална рамка** која ја сочинуваат: Министерство за труд и социјална политика/Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ) и Центар за социјална работа, Министерство за внатрешни работи (МВР) Сектор за трговија со луѓе и илегална миграција (СТЛИМ).

Канцеларијата на **Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе** (НМУ) во Министерството за труд и социјална политика во соработка со Центрите за социјална работа и Здруженија на граѓани обезбедува помош и заштита на жртвите на трговија со луѓе и презема мерки за упатување и сместување во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе (ЦЖТ).

НМУ при упатувањето и сместувањето на жртвите ги презема следните активности:

- преземање на жртвите од ЦСР или од полициска станица или друга локација;
- упатување и сместување во ЦЖТ;
- информирање на жртвите за нивните права, статус и условите за сместување;
- информирање за надлежниот ЦСР и на МВР/Сектор за трговија со луѓе и илегална миграција за сместувањето на лицата во Центарот.

---

[19]Во категоријата ранлива група можат да се вбројат бездомници, деца без родителска грижа до 18 години, самохран родител, лица со посебни потреби, долгорочно невработените, екстремно сиромашни лица во некои случаи и припадници на одредени етнички заедници.

**Центар за социјална работа (ЦСР)** по добиено известување од МВР, НМУ или самиот идентификува лице жртва на трговија со луѓе, номинираниот социјален работник од ЦСР прави проценка на потребата за сместување и ја известува канцеларијата на Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе и СТЛИМ-МВР.

Кога **Министерството за внатрешни работи (МВР)**-Сектор за трговија со луѓе и илегална миграција (СТЛИМ), идентификува жртва на трговија со луѓе го известува НМУ кој обезбедува присуство на стручно лице од ЦСР кое прави проценка за сместување на жртвата во ЦЖТ.

Ако при проценката на безбедносниот ризик МВР оцени дека е потребно итно сместување, може директно да ја смести жртвата во ЦЖТ и притоа да го извести НМУ.

СТЛИМ ја придружува жртвата/сведок од безбедната локација каде е сместена до потребното место (суд, јавно обвинителство, здравствена установа, полициска станица), додека Одделението за заштита на сведоци се вклучува само во случаи кога жртвата добила статус на заштитен сведок.

Постојат **две Прифатилишта** за безбедното сместување на жртви на трговија со луѓе:

**Прифатен центар за странци**[20] е отворен во 2001 година и е во сопственост на Владата на Република Македонија, а управуван од Министерството за внатрешни работи Сектор за гранични работи и миграција. Во него се сместуваат странските државјани (идентификувани и претпоставени) жртви на трговија со луѓе и илегални мигранти откриени на територија на Република Македонија, со нерегулиран престој во државата[21]. Истиот е со физичко 24 часовно полициско обезбедување, како и систем за видео надзор. Прифатниот центар во физички одделен дел нуди безбедно сместување на жени, мажи и деца, а капацитетот на сместување е 37 лица (27 жени и 10 мажи идентификувани и претпоставени жртви).

**Центарот за лица – жртви на трговија со луѓе** (ЦЖТ) е основан во 2011 година од Министерството за труд и социјална политика. Во него се

[20]Законот за странците „Службен весник на РМ" бр. 35/2006, 60/2007, 117/2008, 92/2009, 156/2010, 158/2011, Чл.108.
[21]Прифатен центар за странци формиран во согласност со Чл.108 од Законот за странците, „Службен весник на РМ" бр. 35/2006, 60/2007, 117/2008, 92/2009, 156/2010, 158/2011.

сместуваат домашни државјани и странци кои имаат добиено дозвола за привремен престој во Република Македонија. Капацитетот на Центарот е сместување на 10 лица и истите можат да останат 6 месеци. Сместувањето е според правилата и процедурите за упатувања преку НМУ т.е. со решение донесено од ЦСР и во исклучителни случаи од МВР.

### *3.1.2. Обезбедување на права од областа на домување*

Само мал дел од жртвите го имаат решено соодветно станбеното прашање, односно имаат живеалиште. Дел од жртвите се обраќаат до пријатели или роднини каде наоѓаат привремено сместување. Сепак, значителен дел од нив немаат ниту блиски, ниту свое живеалиште и е потребно да се поддржат во остварување на правото од областа на домувањето.

**Безбедното сместување** се остварува под безбедни услови и транспорт кои овозможуваат сигурен и безбеден престој на жртвите на трговија со луѓе.

**Прифатниот центар за странци,** при МВР на РМ овозможува правна, социјална, медицинска и психолошка помош на жртвите на трговија, за време на престојот/период на одлучување.

**Центар за лица жртви на трговија со луѓе**[22] обезбедува привремено прифаќање и згрижување на лица, кое може да трае најмногу шест месеци, давање советодавни услуги, услуги во врска со исхрана, дневен престој, згрижување, одржување на хигиената и културно-забавни активности со предходно дадена согласност на жртвата [23].

Обезбедувањето на Центарот за лица - жртви на трговија со луѓе го врши Министерството за внатрешни работи.

По приемот на жртвата, тимот на ЦЖТ заедно со жртвата донесува одлука за времетраење на престојот. За овој период тимот од надлежниот ЦСР во соработка со  здруженија на граѓани кои обезбедуваат услуги во ЦЖТ работи на изнаоѓање долгорочно решение за лицето и негово реинтегрирање во социјална средина.

[22]Закон за социјална заштита „Службен весник на РМ" бр. 79 /2009, Член 145.
[23]**Прилог 4:** Изјава за сместување и користење на услуги во ЦЛЖ.

Во поддршка и планирање на процесот на реинтеграција во ЦЖТ, МТСП има потпишано меморандум за соработка со Здруженија на граѓани[24].

**Одговорното лице** за жртвата (во прифатилишта) е задолжено за нејзино информирање за состојбата во која се наоѓа, правата и статусот, советодавна и тераписка работа, обезбедува поврзување со семејството, соработува со други организации и институции, а особено Центарот за социјална работа, во процесот на реинтеграција на жртвата.

Странските државјани, жртви на трговија, во процесот на враќање добиваат асистенција од страна на Меѓународни организации[25] и здруженија на граѓани во согласност со Транснационалниот механизам за упатување.

Дел од жртвите по извршена проценка на ризик немаат потреба да се сместат во Прифатилишта, се враќаат во нивни природни семејства. Исто така, по истекот на периодот за престој во ЦЖТ, жртвите се враќаат во **своите семејства**.

Овозможување на поддршка на жртвата и нејзиното семејство е во зависност од потребата која ја имаат за безбедно домување.

Обезбедувањето на пристап до **соодветно домување** и намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на ранливите категории се остварува со реализирање на проектот Социјални згради за социјално ранливи категории (2013-2015)[26]. Во оваа насока се обезбедува соодветно домување на жртвите кои немаат свое живеалиште[27] како и на останатите граѓани на Република Македонија да можат на рамноправна основа, доколку ги исполнуваат законските критериуми, да ги користат правата од сите системи на заштита.

Подобрено домување се остварува и со Програмата за **субвенционирање[28] на потрошувачка на енергија** (намалување на енергетска сиромаштија) со

[24]Социјална поддршка жртвите добиваат од Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена Порта“, Психолошка поддршка од Здружението за помош и поддршка на деца и семејства под ризик „За среќно детство“.
[25]Меѓународна организација за миграции (ИОМ).
[26]Програма „Се грижиме”1.1 Социјани згради за социјално раливи групи, www.segrizime.gov.mk.
[27]Закон за социјална заштита „Службен весник на РМ” бр.79/2009 (Пречистен текст) 148/2013.
[28]Програма „Се грижиме”6.14 . Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија, www.segrizime.gov.mk.

која се овозможува исплата на надоместок за дел од потрошената енергија за корисници на социјална парична помош и постојана парична помош во износ од 700 денари за секој месец.

## 3.2. Здравствена заштита

Република Македонија во сферата на здравствената заштита има утврден еднаков третман за сите граѓани и за сите гарантира пристап до здравствената заштита во рамките на можностите на системот.

Здравствената заштита на жртвите на трговија со луѓе е значаен сегмент во справувањето со последиците од трговијата со луѓе кои ја нарушуваат општата здравствена состојба на лицата.

Во согласност со Светската здравствена организација, менталното здравје на ЖТЛ се опишува како „состојба во која лицето ги остварува своите способности, може да се носи со стресот во секојдневниот живот, работи продуктивно и придонесува во својата заедница“ што претставува и крајна цел на здравствената заштита.

### *3.2.1. Законска и институционална рамка*

Здравствената заштита на социјално ранливата категорија е во целост решена со измени на **Законот за здравствено осигурување**[29] со кои се воведе здравствено осигурување за сите државјани на Република Македонија кои до моментот на овие законски измени немале ниту еден основ на задолжително здравствено осигурување.

Законот за здравствено осигурување освен на други категории предвидува задолжително здравствено осигурување и на привремено невработени лица додека примаат паричен надоместок од осигурување во случај на невработеност и невработено лице кое активно бара работа и кое се пријавува во АВРМ, доколку нема друга основа на осигурување и лице кое се пријавува во АВРМ и кое писмено се изјаснило дека се пријавува само заради остварување на права од задолжително здравствено осигурување[30].

[29] Закон за изменување и дополнување на Закон за здравствено осигурување „Службен весник на РМ“ бр. 50/2010.
[30]Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност „Службен весник на РМ” бр.37/1997, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008 и 161/2008.

Со Закон за изменување и дополнување на **Законот за социјална заштита**[31] се овозможува здравствена заштита на лицата жртви на трговија со луѓе, доколку не може да се осигура по друг основ.

**Институционална рамка** за здравствена заштита ја сочинува Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија како самостоен правен субјект, а здравствената дејност ја вршат здравствени установи.

Психијатриски услуги обезбедуваат Универзитетска клиника за психијатрија и ЈЗУ Психијатриски болници.

### *3.2.2. Обезбедување пристап до здравствени услуги*[32]

Утврдување на физичката и менталната состојба по приемот во Прифатен центар за странци се врши од страна на стручен тим и по потреба се организира натамошна здравствена заштита[33].

Во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе, здравствената заштита се обезбедува преку програмски активности на Здруженијата на граѓани[34], преку: редовни медицински прегледи, гинеколошки прегледи, тестови за ХИВ сида и хепатити и друг соодветен медицински третман. Прегледите се одвиваат во приватни здравствени установи и во државни институции во зависност од тоа дали жртвите имаат здравствено осигурување или не.

Пред започнување со било какви тестирања или третман, секоја организација треба да добие согласност од жртвата во писмена форма дадена на доброволна основа.

Постапката за остварување на правото на здравствена заштита на лицата кои **активно бараат работа,** целосно се остварува преку Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија. За остварувањето на

[31] Законот за социјална заштита „Службен весник на РМ" бр.79/2013, преку член 10, да се направи дополнување на членот 84, став 2, алинеја 7.
[32] Програма „Се грижиме", 3.5 Здравје за сите,www.se grizime.gov.mk.
[33] Обезбедување на општа медицинска грижа за жртвите во Прифатниот центар за странци се реализира во согласност со потпишаниот Меморандум помеѓу МВР и Црвен крст на Република Македонија од 2009.
[34] Во наведениот период, здравствена заштита во ЦЖТ дава Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена Порта" во согласност со потпишан Меморандумот за соработка со МТСП.

ова, потребно е лицето да се пријави во подрачната служба на Фондот со потребните документи[35].

По стекнување на права од **системот на социјална заштита** право на здравствена заштита имаат и лица/жртви кои се стекнале со правото на: постојана парична помош, корисниците на паричен надоместок за помош и нега од друго лице и корисниците на парична помош за лица кои до 18 години имале статус на деца без родители и родителска грижа, ако не можат да се осигураат по друг основ[36].

Право на здравствена заштита може да остварат членови на семејство на жртвата на трговија со луѓе кои имаат **ниски примања,** а не се вработени ниту тие ниту било кој член од нивното семејство[37].

Лица кои се државјани на РМ, а кои немаат ниту еден основ за здравствено осигурување можат со **редовно плаќање на придонес** на товар на средства на буџетот на РМ да уплатат на месечно ниво 830,00 денари и со тоа да го остварат правото на задолжително здравствено осигурување[38].

Со задолжителното здравствено осигурување, на осигурените лица им се обезбедува право на основни здравствени услуги и тоа:
а) Во примарната здравствена заштита,
б) Во специјалистичко-консултативната здравствена заштита и
в) Во болничката (краткотрајна и долготрајна) здравствена заштита.

**Основните здравствени услуги**, ФЗОМ ги обезбедува на осигурениците во здравствени установи со кои склучил договор. Ако осигуреникот користи основни здравствени услуги во здравствената установа со која ФЗОМ нема склучено договор, трошоците ги плаќа осигуреникот.

Дел од жртвите имаат потреба и од психо-терапија за намалување на субјективно непријатните искуства и доживеаните трауми, а со цел

[35] Програма „Се грижиме“, 3.22 електронска здравствена картичка, www.se grizime.gov.mk
[36]Закон за социјална заштита, „Службен весник на РМ” бр. 79/09.(Пречистен текст) 148/2013.
[37]Програма „Се грижиме“ 3.1 Право на здравствена заштита; 3.2 Право на здравствена заштита на лица кои имаат ниски примања и 3.17 Програма за задолжително здравствено осигурување, www.segrizime.gov.mk.
[38]Закон за здравствено осигурување „Службен весник на РМ“ бр 67 од 29.05.2009, Член 2 и Програма „Се грижиме” 3.17 Програма за задолжително здравствено осигурување на државјани на РМ кои не се задолжително здравствено осигурани, www.segrizime.gov.mk

подобрување на менталното здравје што исто така им се овозможува во рамките на психијатриските установи.

## 3.3.Правна помош

Правната помош се состои во информирање на жртвата за правата и статусот, давање општи правни информации за сите процесни дејствија што произлегуваат од застапувањето, составувањето и поднесувањето тужби, жалби и други поднесоци, текот на постапката, односно, нивното присуство во својство на оштетени/сведоци при водење на кривични постапки, за правните опции достапни за нивна заштита доколку се појават како сведоци во истражната постапка и главниот претрес, можноста за покренување и надоместување на штетите како и други дејствија поврзани со водење на постапката.

### 3.3.1 *Законска и институционална рамка*

Со **Законот за кривична постапка**[39], се утврдуваат правилата со кои се овозможува правично водење на кривичната постапка и правата на жртвата во кривичната постапка вклучувајќи го правото на надомест.

Во согласност со **Законот за заштита на сведоци[40]** се уредува постапката и условите за давање заштита и помош на сведоците и се дефинираат мерките на заштита.

Правна помош се обезбедува во согласност со **Законот за бесплатна правна помош**[41] кој овозможува пристап на ЖТЛ до институциите на системот, со цел запознавање, остварување и овозможување на ефективна правна помош во согласност со начелото на еднаков пристап до правдата во сите судски и управни постапки на сметка на државата[42].

Бесплатна правна помош жртвите на трговија со луѓе може да ја остварат преку:

- подрачните одделенија на Министерството за правда на РМ,
- овластените здруженија на граѓаните,

[39]Закон за кривична постапка „Службен весни на РМ“, бр. 150 од18.11.2010 г, Член 53.
[40]Законот за заштита на сведоци „Службен весник на РМ “бр.38/2005 г. со примена од 2006 .
[41]Законот за бесплатна правна помош „Службен весник на РМ” бр. 161/2009 .
[42]Законот за бесплатна правна помош, „Службен весник на РМ“ бр. 161 /2009,Член 8 став 2.

- адвокатите кои се запишани во Регистарот на адвокатите за давање бесплатна правна помош[43].

Законската рамка за обезбедување на **лични документи** за граѓаните на Република Македонија ја сочинуваат повеќе закони[44] кои се во надлежност на Министерството за внатрешни работи и Министерството за Правда.

Активности предвидени со Законот за заштита на сведоци се спроведуваат во Одделението за заштита на сведоци кое е внатрешна организациона единица на МВР.

### *3.3.1. Обезбедување на пристап до правна помош*

Жртвата има право да биде **информирана** за правата во предкривична постапка, за време и по главниот претрес за состојбата во која се наоѓа и правата низ целиот процес (право на преведувач доколку е странски државјанин, право на период на одлучување, дозвола за привремен престој).

На жртвата на кривично дело треба да и се обезбедат **следните права**:

- Да учествува во кривична постапка;
- На посебна грижа и внимание;
- На психолошка и друга стручна помош и поддршка;
- Жртвата има право на: советник на товар на буџетските средства пред давањето исказ, надомест на материјална и нематеријална штета од државен фонд;
- Посебни права за ранливи категории жртви.[45]

Жртвата/сведок има право на вклучување во **Програмата за заштита на сведоци** со давање на писмена согласност за која цел можат да бидат спроведувани следните мерки: чување на тајност на идентитет, обезбедување на лична заштита, промена на живеалиште/престојувалиште и промена на идентитет[46].

Жртвата има **право на бесплатна правна помош** во предкривичната и кривичната постапка во својство на оштетен/сведок[47].

[43]Програма „Се грижиме" 6.29, Право на бесплатна правна помош, www.segrizime.gov.mk.
[44]Закон за државјанство на Република Македонија, Закон за лична карта „Службен весник на РМ " бр. 19/2007, Закон за матичен број на граѓанинот, Законот за матична евиденција, Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, како и сите подзаконски акти поврзани со овие Закони.
[45]Закон за кривична постапка „Службен весник на РМ", бр.150/2010, Член 53 и 54.
[46]Во согласност со Законот за заштита на сведоци „Службен весник на РМ" бр38/2005 со примена од 2006.
[47]Поднесување на барањето за бесплатна правна помош се поведува со поднесување барање лично или преку пошта до надлежното подрачно одделение на Министерството за правда и кон истото се

Предлог за остварување на **имотно правно барање,** жртвата на трговија со луѓе има право да поднесе во:

- Кривична постапка
- Граѓанска постапка

Жртвата на трговија со луѓе може да предјави **Поднесување на имотно правно барање** за добивање надомест од сторителот заради претрпена:

**Материјална штета,** која опфаќа имотно правно барање во случај на телесна повреда или нарушување на здравјето на жртвата.

**Нематеријална штета** која опфаќа имотно правно барање за претрпени физички болки, душевни болки, страв, тежок инвалидитет, а во граѓанска постапка жртвата-оштетена страна може да бара и справедлив паричен надомет за идна нематеријална штета.

Предлог за остварување на имотно правното барање се поднесува до судот пред кој се води постапката.

Во периодот непосредно по враќањето во своите средини, на жртвите често им недостасуваат **лични документи**[48]**.**

Лични документи за жртви обезбедува одговорно лице за жртвата кое е во улога на олеснувач на процесот на добивање на лична документација во соработка со сите надлежни институции на национално и локално ниво, (социјален работник од ЦСР, од ЦЖТ, старател, социјален работник од Прифатен Центар за странци).

Правна помош е достапна за жртвите и од страна на Здруженијата на граѓани вклучени во проекти кои даваат правна помош и совети, како и застапување во судски процеси на жртвите на трговија со луѓе [49].

---

приложува писмена изјава, потпишана од барателот и од членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

[48]Под непоседување лична документација на жртви се подразбира: непоседување на државјанство и нерегулирано државјанство, престојувалиште, живеалиште, граѓански статус, недостаток на лична карта, патна исправа, извод од матична книга на родени и други лични документи.

[49]Во рамките на проектните активности Здружението за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена Порта“ како надворешен соработник ангажира адвокат за правна помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе во ЦЖТ, на кои им обезбедува и лични документи.

Исто така, Здруженијата на граѓани даваат помош при обезбедување на лична документација на жртвите и водење низ процесот на вадење документи[50].

## 3.4 Социјална заштита

Социјалната заштита во Република Македонија се темели на начелото на хуманизам, социјална праведност и солидарност. На овој начин се обезбедува посебна грижа и заштита на жртви на трговија со луѓе.

### *3.4.1 Законска и институционална рамка*

Во **Законот за социјалната заштита** во Членот 2[51] социјалната заштита се дефинира како систем на мерки, активности и политики за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот, во текот на животот.

Во согласност со **Законот за заштита на децата**[52] дополнително можат да се искористат бенефиции кои ги нуди овој закон како, посебен додаток за оние жртви кои ги исполнуваат законските услови[53].

Со **Законот за локална самоуправа**[54] се воведува децентрализација на социјалните услуги, од државно на локално ниво чие финансирање е регулирано со **Законот за финансирање на единици на локалната самоуправа**[55].

Социјалната заштита како организирана дејност е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика, 30 Центри за социјална работа (ЦСР) и Завод за социјални дејности, како јавни установи со овластувања заради вршење на работи од социјална заштита распоредени на целата територија на Република Македонија.

[50]Здружението за еднакви можности „Еднаков пристап“ преку проектни активности дава правни совети и обезбедува лична документација на жртви на трговија сместени во своите семејства.
[51]Законот за социјалната заштита „Службен весник на РМ” бр. 79/2009 (Пречистен текст) бр.148/2013.
[52]Закон за заштита на деца „Службен весник на РМ” бр.23/ 2013.
[53]Програм „Се грижиме” 6.2. Обезбедување на право на посебен додаток, www.segrizime.gov.mk.
[54]Законот за локална самоуправа „Службен весник на РМ” бр.5/2002, (Пречистен текст ) бр.148/2013.
[55]Закон за финансирање на единици на локалната самоуправа „Службен весник на РМ” бр.61/2004, а се имплементира од јули 2005.

Спроведувањето на активност од областа на социјална заштита се остварува со почитување на принципот на плурализација каде покрај државата, здруженијата на граѓани, приватните и физичките лица, верските заедници даваат одредени услуги на лица кои се наоѓаат во социјален ризик.

Во согласност со Законот за социјална заштита, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје донесуваат сопствени развојни програми од областа на социјалната заштита и можат да обезбедат остварување на социјална заштита на лица изложени на ризик. Општините потребно е да имаат сектор за социјален развој, одделенија за здравствена и социјална заштита.

### *3.4.2 Остварување на права и услуги од областа на социјалната заштита*

Постапката за остварување на право од социјална заштита се поведува по барање на граѓанинот, односно неговиот законски застапник, старател или по службена должност во согласност со Законот за социјална заштита, а Членот 208 од истиот закон упатува на постапки за преземање на мерки за заштита и згрижување на лица жртви на трговија со луѓе, во согласност со овластувањата со други прописи.

Корисници на социјална заштита, според овој закон, се државјани на Република Македонија кои имаат постојано живеалиште во Република Македонија и странците кои имаат регулиран постојан престој во Република Македонија.

Државјаните на Република Македонија кои немаат постојано живеалиште во Република Македонија и странците кои имаат регулиран привремен престој во Република Македонија, во согласност со законот, ги користат правата од социјалната заштита под услови утврдени со овој или друг закон и меѓународни договори и конвенции[56].

Жртвите на трговија со луѓе може да ги остватаат следните **услуги и мерки** од социјална заштита:

- Вонинституционална заштита и
- Право на парична помош.

[56]Закон за социјална заштита „Службен весник на РМ" бр.79/2013 (Пречистен текст), 148/2013, Член 15.

**Права од вониституционална заштита** кои може да ги остварат жртвите на трговија со луѓе се[57]: помош на поединец, помош на семејство и сместување во Центар за жртви  на трговија со луѓе[58].

**Правото на помош на поединецот/жртвата**, подразбира примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа. Жртвата добива потребни информации како континуирано индивидуално советување и мотивирање за процесот на реинтеграција. Се зајакнуваат капацитетите и искористуваат потенцијалите со кои располага жртвата за нејзино вкучување во животот во заедницата. За жртвите се обезбедува советување вклучувајќи различни видови третмани и сесии, групна терапија и индивидуално советување кое се обезбедува од стручниот тим. Сесиите се организираат една неделно, освен во случај на потреба од итна и поинтензивна помош, кога клиничкиот психолог се вклучува во обезбедувањето поддршката и советувањето.

Жртвата се едуцира за можностите од заболувања од заразни болести, можните причини и начинот на лекување на истите како и други важни здравствени теми.

Правото на **помош на семејството** опфаќа стручна, советодавна и советувалишна работа со членовите на семејството која има за цел да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители-деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот. Се зајакнуваат капацитетите и потенцијалите со кои располага семејството за иницирање промени во ставовите, убедувањата, вредностите и однесувањето помеѓу членови на семејството и жртвата овозможена со континуирана поддршка и мониторинг од ЦСР.

Жртвата на трговија со луѓе може да ги оствари своите права идентично како и останатите граѓани на Република Македонија и може на рамноправна основа, доколку ги исполнуваат законските критериуми, да ги користат **правата на парична помош**[59] и тоа:

---

[57]Исто, Член 28.

[58]Исто,Член 27.

[59]Опфаќа постојана парична помош за работно неспособни и материјално необезбедени лица; социјална парична помош за оние кои се способни за работа и материјално необезбедени; паричен надоместок за помош и нега од друго лице; право на здравствена заштита; надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развој; еднократна парична помош и помош во натура; парична помош за социјално домување, парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа.

- социјална парична помош[60]
- постојана парична помош[61]
- еднократна парична помош и помош во натура[62]
- парична помош за социјално домување[63].

**Социјална парична помош** може да оствари жртва способна за работа и домаќинство, материјално необезбедено и кое според други прописи не може да обезбеди средства за егзистенција.

**Постојана парична помош** може да оствари жртва неспособна за работа и материјално необезбедена која не може да обезбеди средства за егзистенција врз основа на други прописи.

**Еднократна парична помош и помош во натура** може да се додели на лице или семејство кое се нашло во положба на социјален ризик, како и на лице кое е подолго на лекување во здравствена установа.

**Парична помош за социјално домување** може да се обезбеди на социјално загрозени лица стамбено необезбедени.

Општината соработката со граѓаните најчесто ја остварува преку индивидуалните средби, посета на домови и советувања. Како помош на социјално загрозеното население се доделува еднократна парична помош, за чие доделување надлежност има градоначалникот, како и пакети со хигиенски средства и храна, дрва за огрев и слично.

Здруженијата на граѓани можат да вршат едукација, советување на лица жртви на трговија со луѓе и нивните семејства како и да доделуваат помош во натура доколку тоа е предвидено во проектната активност која ја реализираат.

## 3.4. Образование

Образовната политика во Република Македонија е насочена кон поширока достапност и опфат на образовните услуги во сите степени на образование

[60]Програм „Се грижиме" 6.6. Остварување на право на социјална парична помош, www.segrizime.gov.mk.
[61]Програм „Се грижиме" 6.7. Остварување право на постојана парична помош, www.segrizime.gov.mk.
[62]Програм „Се грижиме" 6.5. Оставрување на еднократна парична помош и помош во натура, www.segrizime.gov.mk.
[63]Програм „Се грижиме" 6.10. Парична помош за социјално домување, www.segrizime.gov.mk.

за сите граѓани на Република Македонија, особено ранливите групи население заради нивно задржување во системот на образование.

Цел на образованието за возрасните е да се обезбеди можност за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи и да овозможи истите да стекнат знаења, вештини и ставови кои ќе бидат во согласност со барањата на општеството и пазарот на трудот[64].

Жртвите на трговија со луѓе се интегрираат во системот и образование како и во процесите на дообразување/доквалификација соодветно на возраста, физичката и интелектуалната способност како и на претходно стекнатото образование.

### *3.4.1. Законска и институционална рамка*

Основната законска регулатива во областа на образованието ја сочинуваат: **Законот за основно образование**[65] и **Законот за средно образование**[66] во кои можат да се вклучат и возрасни лица на начин утврден со закон.

На ученикот со **посебни образовни потреби** кој наполнил 20 години му престанува обврската за редовно основно образование со истекот на учебната година[67].

Со **Законот за стручното образование и обука**[68] се регулира стручно образование и обука како дел од системот на образованието кој обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување компетенции, знаења и вештини неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието.

**Законот за високо образование**[69] упатува дека лицата имаат подеднакви услови право на образование на високообразовните установи во Република Македонија.

[64]Законот за стручно образование и обука „Службен весник на РМ" бр. 24/2013, Член 4.
[65]Законот за основно образование „Службен весник на Р М" бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012 и 24/2013).
[66]Законот за средно образование„Службен весник на Р М", бр. 44/1995; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 29/2002; 40/2003; 42/2003; 67/2004; 55/2005; 113/2005; 35/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011; 51/2011; 6/2012; 100/2012 и 24/2013).
[67]Законот за основно образование „Службен весник на РМ" бр. 103/2008, Член 58.
[68]Законот за стручно образование и обука „Службен весник на РМ" бр 24/2013.
[69]Законот за високо образование „Службен весник на РМ "бр. 35/2008.

Со **Законот за образование на возрасни[70]** се истакнува дека образованието за возрасни опфаќа формално, неформално и информално учење.

Надлежни за образование на возрасните се: Министерството за образование и наука[71], Министерството за труд и социјална политика, Советот за образование на возрасните, Единиците на локалната самоуправа и социјалните партнери [72].

**Понудувачи на услуги за образование на возрасните** можат да вршат јавните и приватните установи за образование на возрасни, институциите за образование на возрасните, центрите за усовршување, работодавачите и социјалните партнери, здруженијата на граѓани или индивидуалните обучувачи кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон[73].

Образовната работа за возрасните се одвива во одделенија во состав на редовните основни училишта и Работничките универзитети. Единствено специјализирано централно основно училиште за возрасни, со повеќе подрачни единици е АС „Макаренко“. Образованието на возрасните е институционализирано образование кое се спроведува во институции како редовно и вонредно образование.

**Стручната обука** често ја нудат образовните институции, хуманитарните организации или здруженија на граѓани кои ги обезбедуваат потребните ресурси за обуките усогласени со индивидуалните потреби на жртвата во опфатени во планот за реинтеграција[74].

### *3.4.2. Обезбедување на пристап до образовни услуги*

На жртвите на трговија со луѓе ќе се обезбеди:

- **Информирање** за стекнување/дооформување на формално образование за жртвите на трговија со луѓе со недовршено основно и средно образование[75].

[70]Законот за образование на возрасни „Службен весник на РМ” бр. 74/2012, Член 3.
[71]www.mon.gov.mk.
[72]Законот за образование на возрасни „Службен весник на РМ”, бр. 74/2012, Член 6.
[73]Исто,Член 5.
[74]Програмите за стручно оспособување и стручно образование од 3-годишно траење за вонредни ученици можат да се остваруваат во установи за образование на возрасни и други установи под услови и начин утврдени со закон.
[75]Формалното образование на возрасните опфаќа: основно образование на возрасни, средно образование за возрасни, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко

- **Информирање** на жртвите со завршено средно образование за можностите и високо-образовните институции каде би можеле да го продолжат своето образование и за организации од кои можат да добијат поддршка во вид на стипендии.
- **Информирање** за програмите за **стручно оспособување** каде можат да се вклучат жртвите кои завршиле основно образование и оние кои немаат довршено основно образование но, со обврска напоредно со стручното оспособување да се стекнат и со основно образование.
- **Информирање** на жртвите на трговија со луѓе за мерките на афирмативна акција во високото образование и квоти за припадниците на различни етнички групи со кои се олеснува финансискиот товар за покривање на трошоците за високо образование.
- **Вклучување** на жртвите во стекнување/доoформување на **формално образование** со недовршено основно и средно образование (вклучување во процесот на образование на возрасни преку училиштата за возрасни)[76].
- **Поврзување со релевантни организации** кои го стипендираат средното образование на жртвите на трговија со луѓе.
- **Поврзување** со релевантни организации кои го стипендираат високото образование на жртвите на трговија со луѓе.
- **Информирање** за можностите за вклучување во постоечките **форми** на **неформално,** континуирано образование на возрасни лица.
- **Поврзување** со организациите и институциите кои даваат услуги во доменот на неформално образование во согласност со потребите и интересите на жртвите.
- **Поврзување со здруженија на граѓани** кои се активни во работа на програми за менторство, образовна поддршка и помош во учење.

Образовните установи кои се наоѓаат во местото на живеење на жртвата, имаат предност при враќањето/вклучувањето во образовниот процес на жртвата.

## 3.5.Вработување

образование и постсредно образование за возрасни, како и преквалификација и доквалификација и - високо образование на возрасни.

[76]Во основно образование можат да се вклучат и возрасни лица на начин утврден со закон“,Законот за основно образование „Службен весник“ на РМ бр.103/2008,33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012 и 24/2013,Чл. 15.

Економската реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе ќе придонесе кон намалување рецидивизмот на појавата на жртви на трговијата со луѓе и нивна социјална реинтеграција.

Вработувањето во Република Македонија е со ниска стапка, особено за лица со ниска квалификација (ИСЦЕД 0-2) во која спаѓаат и поголем број на жртвите на трговија со луѓе.

### *3.5.1. Законска и институционална рамка*

Во **Законот за вработување и работа со странци**[77], е уредено дека "жртва на трговија со луѓе" е странец за кого постојат основани сомневања дека е жртва на кривично дело трговија со луѓе, и во согласност со Законот за странци, му е издадена дозвола за привремен престој поради хуманитарни причини".

Во Законот за вработување и работа со странци, е уредено дека лична работна дозвола се издава на жртви на трговија со луѓе кои имаат стекнато дозвола за привремен престој поради хуманитарни причини[78].

Граѓаните на ЕУ имаат еднаков правен статус во правните односи во согласност со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, како и граѓаните на РМ[79].

**Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност**[80] ги уредува прашањата за размена на трудот, правата и обврските на работодавачите, невработените лица, други лица кои бараат работа и државата, во врска со вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и други прашања од значење за вработувањето.
**Законот за работни односи**[81] ги уредува работните односи меѓу работниците и работодавачите кои се воспоставуваат со склучување на договор за вработување.

[77]Законот за вработување и работа со странци „Службен весник на РМ" бр.70/2007 и 5/2009.
[78]Исто,Член 12, став 4.
[79]Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност „Службен весник на РМ" бр. 37/1997 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008 и 161/2008; 50/2010, Чл 1-а и Чл. 1-б.
[80]Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност „Службен весник на РМ" бр. 153/2012.
[81]Законот за работни односи „Службен весник на РМ" бр.54/2013.

Со **Законот за вработување на инвалидни лица**[82] се уредуваат посебните услови за вработување и работа на инвалидни лица: кога самостојно вршат дејност како трговец поединец, кај работодавец или има својство на работодавец, во државната администрација, ЕЛС, јавните претпријатија, установи, агенции и фондови и други државни институции како и условите за основање и погодностите за работење на трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво.

Агенцијата за вработување на РМ е јавна установа (со 30 локални центри за вработување) која врши стручни, организациски, административни и други работи што се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и обезбедува поддршка, помош и услуги на учесници на пазарот на трудот.

### *3.5.2. Обезбедување на услуги за економска независност/вработување*

Постојат три услови кои странецот (жртва на трговија со луѓе) задолжително треба да ги исполни за да може да се вработи или работи во Република Македонија. Тоа се поседување на лична работна дозвола, регулиран престој за странец во државата и вработувањето, односно работата на странецот задолжително да биде пријавена односно регистрирана во надлежниот центар за вработување каде што е седиштето на правниот субјект.

Ако се земе во предвид фактот дека голем број на домашни жртви на ТЛ влегле во ланецот на трговијата во потрага по вработување и средства за егзистенција, јасно е зошто нивната интеграција на пазарот на трудот е од клучна важност. За остварување на оваа цел се преземаат следните активности:

- **Пријавување** во Агенцијата за вработување – Центри за вработување заради остварување на бенефиции како невработени лица.
- **Информирање** на ЖТЛ за нивните права, обврски и можности за вработување, запознавање со програмата на активните мерки и можностите за вработување.
- **Изработка на индивидуални планови** за вработување за секоја регистрирана жртва при АВРМ во кои ќе биде инкорпорирана соодветна

[82] Законот за вработување на инвалидни лица „Службен весник на РМ" бр. 136/ 2011, Член 2, точка 7.

анализа на претходното работно искуство, степенот на образование, работните вештини, потреби и преференции.

- Соодветно **вклучување на ЖТЛ во Активни политики** и мерки за вработување кои ги реализира АВРМ[83].

Здруженија на граѓани обезбедуваат информации за можности за вработување, во рамки на индивидуалните советувања со жртвите и услуги за вработување во соработка со приватни компании кои вработуваат.

Исто така организираат и алтернативни работилници за зајакнување на личните капацитети на жртвите како што се: работилници за пишување на биографија, пополнување на пријави за работа, пишување на мотивационо писмо, подготовка на документи, комуникација и подготовка за интервју за работа.

## 4. ЕВАЛУАЦИЈА

Институцијата која дава услуги на жртви на трговија со луѓе треба постојано да го преиспитува и евалуира, Индивидуалниот план за реинтеграција и каде што е потребно да ја приспособува помошта која ја дава при реинтеграција на жртвите како и сите процедури кои ги применува во согласност со нивните потреби.

**Евалуација од страна на жртвата** која ќе се спроведува ќе биде корисен показател за предностите и слабостите на дадените услуги, постигнатите резултати и ќе овозможи воведување на нови услуги во согласност со индивидуални потреби на жртвата[84].

[83] Програма „Се грижиме”:
4.1Програма за самовработување.
4.2.Финансиска поддршка на правен субјект.
4.3Субвенции на вработување.
4.4Субвенционирање на вработување на деца без родители.
4.5Субвенционирање на вработувањето на инвалидни лица.
4.7Обука кај познат работодавач.
4.8Обука кај познат работодавач со субвенцонирање.
4.9Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот.
4.10Обука за напредни ИТ вештини.
4.11Практиканство како прво работно искуство до вработување.
4.12Едукација за започнување на бизнис.
4.13Програма за организирање на јавни работи.
4.14Право на паричен надоместок за невработено лице што биле во работен однос, www.segrizime.gov.mk.

[84] **Прилог 5:** Формулар за евалуација на престојот во ЦЖТ..

Перманентната **интерна евалуација** од институцијата која ја поддржува жртвата во процесот на реинтеграција, ќе овозможи утврдување на предности и слабости на тековниот процес на реинтеграција и ќе овозможи подобрување на планирање на процесот на реинтеграција на жртвата.

**Заводот за социјални дејности,** во согласност со Закон за социјална заштита, врши надзор над стручната работа на ЦСР и вработените во нив, заради согледување, следење, контрола, увид и унапредување на начинот и квалитетот на стручната работа и ефикасноста во остварувањето на функциите во установите за социјална заштита.[85] За извршениот надзор над стручната работа Заводот за социјални дејности составува извештај во кој определува мерки и рокови за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.[86]

Пожелно е да се изврши **екстерна евалуација** на Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на жртви на трговија со луѓе, со која ќе се постигне непристрасност при евалуацијата на процедурите за реинтегрирање во сите области и ќе се изготви извештај за предностите и слабостите на Програмата и исто така ќе се дадат неопходни препораки за понатамошни подобрувања.

Со оглед на карактерот на оваа проблематика, Програмата останува отворен документ за дополнувања и промени заради нејзина доследна и успешна реализација на локално ниво.

[85]Закон за социјална заштита „Службен весник на РМ" бр. 79/200, (Пречистен текст) 148/2013, Член 249.
[86] Закон за социјална заштита „Службен весник на РМ" бр. 79/200, (Пречистен текст) 148/2013, Член 252

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Димишковска Ј. (2012) Од сигурно сместување до социјална интеграција на жртвите од трговија со луѓе, Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе, Отворена Порта.
2. Димитријоска С. (2011) Студија за „Национални програми и бенефиции во рамките на системот на социјална заштита во Република Македонија“, ГИЗ.
3. Данаилов В. (2011) Студија за “Меѓународната законска рамка и македонските закони за сиромаштија со посебен фокус на трговијата со луѓе”, ГИЗ.
4. Директивата 2011/36/ЕУ на Европскиот Парламент и Советот од 5 април 2011 година за спречување и борба со трговијата со луѓе и за заштита на жртвите на трговијата со луѓе и за замена на Рамковната одлука 2002/629/ПВР на Советот.
5. Закон за вработување и работа на странци „Службен весник на РМ“ бр.70/2007.
6. Закон за кривична постапка „Службен весник на РМ” бр.150/18.11.2010.
7. Закон за вработување и осигурување при невработеност „Службен весник на РМ“ бр. 37/1997 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008 и 161/2008, 50/2010.
8. Закон за локална самоуправа „Службен весник на РМ” бр.5/2002.
9. Закон за изменување и дополнување на Законот за домување „Службен весник на Р М” 99/09 и 57/10 и 54/11.
10. Закон за социјална заштита „Службен весник на РМ“ 79/2009 (Пречистен текст), бр.148/2013.
11. Закон за заштита на деца „Службен весник на РМ” бр.23/ 2013.
12. Законот за странците „Службен весник на РМ“ бр. 35/2006, 60/2007, 117/2008, 92/2009, 156/2010, 158/2011.
13. Законот за здравствено осигурување „Службен весник на РМ” бр.67 /29.05.2009.
14. Закон за изменување и дополнување на Закон за здравствено осигурување „Службен весник на РМ“ бр. 50/2010.
15. Законот за бесплатна правна помош „Службен весник на РМ“ бр. 161/ 2009.
16. Закон за лична карта „Службен весник на РМ“ бр. 19/2007.
17. Законот за заштита на лични податоци „Службен весник на РМ“ бр 7/2005, 103/2008, бр.124/2010 и 135/2011 (Пречистен текст).
18. Законот за основно образование „Службен весник на РМ” бр.103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012 и 24/2013.
19. Законот за стручно образование и обука „Службен весник РМ” бр 24/2013.

20. Законот за образование на возрасни „Службен весник на РМ” бр. 74/2012.
21. Закон за заштита на сведоци „Службен весник на РМ” бр. 38/2005 со примена од 2006.
22. Законот за средно образование „Службен весник на РМ“ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/99, 2920/02, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 81/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/2012 и 24/2013.
23. Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност „Службен весник на РМ”, бр. 153/2012.
24. Конвенција на ОН против транснационалниот организиран криминал http://www.unodc.org/documents/treaties/UNTOC/Publications/TOC%20Convention/TOCebook-e.pdf.
25. Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и Национален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во РМ, 2013-16, Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и ГИЗ.
26. Програма за помош и поддршка при реинтеграција на повратници во РМ согласно реадмисионите договори, Влада на РМ 2010.
27. Прирачник за идентификација и директна помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и ранливи групи, 2012, Здружение за еднакви можности „Еднаков Пристап“.
28. Прирачник на ИОМ за директна помош на ЖТЛ, 2007.
29. Протокол за заштита, спречување и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца, дополнение на Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал; Документ бр.55/383 Генерално собрание на ОН.
30. Право на компензација на жртви на трговија со луѓе во РМ, Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта/Ла страда Македонија, Скопје, јуни 2011.
31. Стандард оперативни процедури за постапување со жртви на жртвите на трговија со луѓе, Влада на РМ, 2010.
32. Стратешки план на министерството за образование и наука, 2012-14.
33. Конвенција на Советот на Европа за борба против трговијата со луѓе http://conventions.coe.int/Treaty/EN/Treaties/Html/197.htm.

www.mon.gov.mk.

www.segrizime.gov.mk.

www.nacionalnakomisija.gov.mk

## ПРИЛОЗИ

### Прилог 1: Формулар за проценка на потребите на жртвата (СОП)

| КРИТЕРИУМИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ | |
|---|---|
| ПОДАТОЦИ ЗА ДОСИЕТО НА СЛУЧАЈОТ | |
| 1 | Име и презиме и/или број на досие за случајот |
| 2 | Земја на потекло |
| 3 | Јазик |
| ОСНОВНИ ПОТРЕБИ | |
| 1 | Сместување |
| 2 | Храна |
| 3 | Лекови |
| 4 | Комуницирање со семејството |
| ОЦЕНУВАЊЕ НА РИЗИК | |
| 1 | Моментална загриженост за личната сигурност |
| 2 | Поединци кои на лицето може да му создадат проблеми |
| 3 | Загриженост за членовите на семејството или блиските лица |
| 4 | Локации кои би можеле да не се безбедни за лицето да отиде или да ги посети |
| 5 | Дали лицето е следено во одреден временски период и во кој? |
| ЗДРАВСТВЕНИ ПОТРЕБИ | |
| 1 | Задолжителен здравствен преглед |
| 2 | Крвна слика, микробиолошки прегледи |
| 3 | Инфективни болести |
| 4 | Гинеколошки преглед |
| 5 | Стоматолошки услуги |
| 6 | Психолошки и психички проблеми |
| 7 | Високоризични состојби (срцеви заболувања, епилепсија, астма) |
| 8 | Пречки во развојот |

## Прилог 2: Индивидуален план за услуги на жртва

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** **Образец - ПИНД-1**
**ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа**
_______________________________________________
Рег. број _____________________________________

# П Л А Н и П Р О Г Р А М А
## за индивидуален третман со корисникот на социјална заштита

## I. План за третман

1. Идентификациони податоци за корисникот на социјална заштита
   _______________________________________
   (име и презиме и име на еден на родителите)

2. ЕМБГ : /__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/

   а. Адреса на постојано живеалиште / престојувалиште
   ____________________________________________
   ____________________________________________
   ______

3. Вид на корисник на социјална заштита и изложеност на социјален ризик

   3.1. Вид на корисник на социјална заштита
   ____________________________________________
   ________________________________шифра /__/__/__/__/

   а) Се јавува прв пат
   б) Се јавува втор пат
   ц) Се јавува трет пат
   д) Се јавува повеќе пати

   3.2. Изложеност на социјални ризици :
   ____________________________________________
   ____________________________________________

____________________________________________________________
____________________________________________________________

4.Потреба за третман на корисникот :

а) Да
б) Не

Доколку одговорот е НЕ наведете го образложението

| |
|---|
| |

5. Наведете ги потенцијалите

   а) На корисникот
   б) На семејството
   ц) На локалната заедница

6. Цел/и на третманот (што сакаме да постигнеме со третманот)

7. Потреби за интервенции во ЦСР

   а) На социјален план (макро систем)
   б) На семеен план (микро систем)
   ц) На личен план на корисникот

**II. Програма за третман**

**1. Обврски на стручен тим**

***<u>Социјален работник</u>***
*Активност 1:*
Рок за реализација:
Користени методи, техники и инструменти
*Активност 2:*
Рок за реализација:
Користени методи, техники и инструменти:

*Активност 3:*

Рок за реализација:
Користени методи, техники и инструменти:

***<u>Психолог</u>***
*Активност 1:*
Рок за реализација:
Користени методи, техники и инструменти:

*Активност 2:*
Рок за реализација:
Користени методи, техники и инструменти:

*Активност 3:*
Рок за реализација:
Користени методи, техники и инструменти:

***<u>Педагог</u>***
*Активност 1:*
Рок за реализација:
Користени методи, техники и инструменти:

*Активност 2:*
Рок за реализација:
Користени методи, техники и инструменти:

*Активност 3:*
Рок за реализација:
Користени методи, техники и инструменти:

***<u>Правник</u>***
*Активност 1:*
Рок за реализација:
Користени методи, техники и инструменти:

*Активност 2:*
Рок за реализација:
Користени методи, техники и инструменти:

*Активност 3:*
Рок за реализација:
Користени методи, техники и инструменти:

**2. Обврски на корисникот**
*Активност 1:*
Рок за реализација:

*Активност 2:*
Рок за реализација:

*Активност 3:*

Рок за реализација:

**3. Обврски на родителите/старателот**

*Активност 1:*
Рок за реализација:

*Активност 2:*
Рок за реализација:

*Активност 3:*
Рок за реализација:

**4. Обврски на други институции**

*Активност 1:*
Рок за реализација:

*Активност 2:*
Рок за реализација:

*Активност 3:*
Рок за реализација:

**5. Реализатори на Планот и Програмата за третман**

| | |
|---|---|
| 1. Корисник/возрасен/дете<br>____________________<br>Име,презиме и потпис<br>2. Родители:<br>Татко: ____________________<br>Име,презиме и потпис<br>Мајка: ____________________<br>Име,презиме и потпис | Стручен тим:<br>1. социјален работник ______________________<br>2. психолог _____________________<br>3. педагог _____________________<br>4. правник |

__________________ год.
__________________
(место)
__________________________

Координатор на Планот:

Прилог 3: Чек листа на можни услуги на жртва на трговија со луѓе

| Области на потреби | Оставрување на права и социјални услуги |
|---|---|
| **Домување/сместување** | 1.Прифатен центар за странци<br>1. Центар на жртви на трговија со луѓе<br>3.Враќање во семејство |
| **Здравствена заштита** | 1. Здравствено осигурување/електронска картичка<br>2.Општа медицинска грижа<br>3.Специјалистички прегледи<br>4.Болничко лекување |
| **Правна помош** | 1.Информирање<br>2.Бесплатна правна помош во предкривична и кривична постапка<br>3.Поддршка во поднесување на имотно правно барање за материјална и нематеријална штета<br>4. Обезбедување на лична документација |
| **Социјална и детска заштита** | 1.Прва социјална услуга<br>2.Индивидуална помош на жртва<br>3.Помош на семејство<br>4.Парична помош(постојана, социјална парична помош, еднократна)<br>6.Парична помош за помош и нега од друго лице<br>7.Помош во натура<br>8.Парична помош за социајлно домување |
| **Образование** | 1.Запишување/вклучување во образование<br>2.Дооформување основно<br>3. Дооформување на средно образование |

| | |
|---|---|
| **Вработување** | 1.Пријавување во Агенција за вработување<br>2. Обуки<br>3.Вработување |

Прилог 4: <u>Изјава за сместување и користење на услуги во ЦЖГ</u>

Број: ___________________
Дата: ___________________

**И З Ј А В А**

за сместување и користење на услуги во
Центарот за лица - жртви на трговија со луѓе

Јас долупотпишаната (преку старател/застапник) ____________________________________ државјанин на ___________________________ со ЕМБГ________________________ со место на живеење во ___________________ ИЗЈАВУВАМ дека сум согласна да престојувам во Центарот за лица - жртви на трговија со луѓе и го прифаќам планот за помош кој се состои од:

- психолошка поддршка и советување
- социјално советување
- основен медицински третман
- основна правна помош

Се согласувам да престојувам во Центарот најдолго 6 месеци започнувајќи од денот на сместување.

Оваа изјава ја потпишувам доброволно, без никаква принуда и однапред запознаена со услугите во Центарот.

______________________________

Потпис

## Прилог 5: Формулар за евалуација на престојот во ЦЖТ

1. Дали во Центарот ги добивте основните материјални потреби (храна, облека, хигиенски средства и др.)?
Да Не

2. Како би ги оцениле услугите коишто ги добивте во Центарот? (1 најмала, 5 највисока)
1 2 3 4 5

3. Дали сте задоволни од тимот кои работи во прифатилиштето?
Да Не

4. Дали за време на вашиот престој ви беше пружена медицинска помош?
Да Не

5. Како би ги оцениле индивидуалните сесии со вработените во Центарот? (1 најмала, 5 највисока)
1 2 3 4 5

6. Како би ги оцениле групните сесии со вработените во Центарот? (1 најмала, 5 највисока)
1 2 3 4 5

7. Дали обезбедените услуги во Центарот ќе Ви помогнат во идните планови во животот?

Да Не

8. Дали ви беше овозможено дополнително образование и на кој начин ?
______________________________________________________________
______________________________________________________________

9. Дали нешто би промениле во работата на Центарот?
Да Не

Доколку ДА, наведете што би сменил.